Врз основа на член 15 став 1 точка 3 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 07/09, 16/09 и 4/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 1 август 2012 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

### Член 1

Заради следење, проучување и оценување на влијанието на економската и социјалната политика како и мерките на економската и социјалната политика на стабилност и развој на општината, Општина Штип ќе склучи спогодба со организацијата на работодавачи на Република Македонија и Сојузот на синдикати на Република Македонија - синдикална канцеларија Штип за основање на Локален економско-социјален совет.

### Член 2

Во Локалниот економско-социјален совет Општина Штип ќе партиципира со двајца членови на Советот на општината и еден претставник од општинската администрација.

Локалниот економско-социјален совет ќе биде консултативно и советодавно тело на Советот на Општина Штип.

### Член 3

Спогодбата од член 1 на оваа одлука ќе ја склучи градоначалникот на Општина Штип.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 07-5493/1
1 август 2012 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска